**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија**

**одржана на 1 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Г. Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, продолжуваме со работа по 83-та седница на Собранието на Република Македонија.

Од извршената проверка е утврдено дека присуствуваат доволен број на пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Овде имам еден список .

Лазар Китановски, не е присутен.

Абдула Алиу , не е присутен.

Глигоровски Данило , не е присутен.

Марковска Ѓулистана, повелете, до колку не се откажувате.

Ве молам да обезбедиме минимум услови за работа.

Повелете г-ѓа Марковска

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани дами и господо,

Неколку време бев отсутна од Собранието, меѓутоа еве, очигледно за оваа тема има пријавено голем број на дискутанти, па јас ќе го искористам своето право да земам збор и да се обидам сосема на кратко да ги кажам своите аргументи зошто сметам дека референдумот треба да се одржи во РМ и истиот не да биде пречка, туку напротив да биде можност за подобра имплементација на Рамковниот договор што беше потпишан од четворицата лидери и претседателот Г. Борис Трајковски.

Прво, сметам дека, за жал, референдумот можеби заради времето во кое што сега е поставен како прашање не ја доби актуелноста што ја заслужува од причина што претставува најдемократска форма на изјаснување за било кое прашање што се заговара овде во Собранието. Тоа, за жал, не ја доби ни медиумската поткрепа и покрај тоа што, морам да потсетам, за 10 годишното плурално живеење во РМ, ова е прва ваква форма што има можност да се распише во РМ , со цел нашите бирачи , односно граганите најнепосредно да се изјаснат дали се или не се за една промена што е од вака сериозен карактер каква што е денешнава, а тоа е промена на Уставот на РМ.

Прво, точно е дека сите ние како пратеници уште со самиот избор ја имаме можноста да го смениме Уставот или не. Тоа беше направено еднаш по повод мерката за судскиот притвор. Беше направено уште еднаш многу порано, за жал иницирано или би рекла од страна на , тука мислам на промената на Уставот, од страна на една наша соседна држава што сметаше дека со еден наш член имаме територијални претензии спрема неа. Така што испадна дека Уставот на РМ може да го менува еве веќе по втор пат, по одредени притисоци.

Тоа, уште во старт значи дека ние , како држава се прикажуваме во едно, би рекла не недемократско, туку како политички нестабилна држава што може лесно да подлегне на било каков притисок, а во овој случај имавме и конкретен притисок по повод терористичките активности што се одвиваат и што, за жал, сеуште не се завршени на територијата на РМ.

Неможам да се согласам со контрааргументите што беа овде изнесени дека со референдумот се врши, ќе цитирам "некакво додворување на вашите гласачи " или пак прашање "кое е прашање за подметнување". Прво, заради тоа што реков дека се работи за најдемократска форма, второ заради тоа што ниту еднаш во 10-те години плурално живеење ова Собрание не ја искористи оваа најдемократска форма да ги праша своите гласачи дали стојат или не стојат зад одредени решенија што треба да се донесат. За закони што ги носиме е многу поленсо. Меѓутоа, овде се работи за 1/3 за промена на Уставот.

Трето, неможам да се согласам со контрааргументите што беа истакнати од страна на една цела пратеничка група дека се работи за класично подметнување и за немање желба да се имплементира Рамковниот договор од Охрид. Напротив, процедурата за промена на Уставот веќе е почната. Веќе тргнавме во една сериозна фаза што заначи амандманска расправа која што, конечно , може да доведе или не доведе за изгласување на уставните промени. Меѓутоа, тоа што во целава оваа постапка и покрај тоа што имаме две прашања иницирани од две пратенички гурпи, за кои што сепак сметам дека треба да се усогласат, имаме член од Зкаонот кој дава можност референдумот како прашање

да го искористиме во неговата советодавна, односоно, повеќе би рекла, морална димензија со кое што, она што ќе ни го кажат граѓаните конечно како нивен избор, на нас како пратеници ќе ни влијае во конечното изјаснување за промените на Уставот.

Реков, тоа не значи дека сакаме со референдумот да не го изреализираме Рамковниот договор. Напротив. Нам ни се пружа можност, како пратеници, неговата инплементација да ја направиме вистинска и да ја направиме посодржински за да не предизвика еден друг нов конфликт, кој можеби сега нема да биде но кој ни гарантира дека истиот нема да биде за два-три-пет месеци, една година откако ќе ги направиме, се разбира сега зборувам хипотетички, уставните амандмани.

Заради тоа сметам дека априори отфрлањето на референдумот, како што овде беше направено од страна на една пратеничка група, значи:

Прво, според мене дека некој е сигурен дека референдумот ќе даде контра одговор од она што овде во Собранието се заговара, уставните амандмани и нивната комплетна имплементација. Токму заради тоа што е сигурен дека тоа нема да помине кај граѓаните, сега вели априори дека ние или оние кои го заговараат овде референдумот се за војна, што е апсолутно погрешна теза, бидејќи овде ние не решаваме ниту за војна, ниту за мир. Војната ни беше наметната од надвор. Сите се изјаснивме овде дека сакаме мир. Оној кој е за војна или поставува ултимативни барања "војна или мир", очигледно ќе треба да настапува во име на некој друг а не и на граѓаните што овде нас не избрале и ни дале мандат да решаваме за нив.

Според тоа, сметам дека постои сериозен страв кај оние што не го протежираат референдумот дека се судрат со одговор што ќе биде негативен од страна на граѓаните и кој што, како таков, после тоа за нив ќе создаде сериозни обврски.

Меѓутоа, самото поставуваше на референдумот како теза вие сте за мир, или вие сте за војна е апсолутно погрешно. Или пак втората теза вршите подметнување и сакате да им се додворувате на граѓаните е исто така погрешно заради тоа што додворувачки, односно нашите граѓани не треба да имаме, туку треба да бараме задолжително од нив обврска дури да ни одговорат што сметаат за овие устани промени, бидејќи ние не вршиме било каква промена на Уставот, туку сериозна промена на 1/3 од нашиот Устав. Влеговме со еден Устав во ова Собрание, а очигледно дека треба да излеземе со сосема друг Устав. Е, за такво нешто, очигледно одговорноста неможе да биде, како што вие ја нарекувате, ниту на четворицата лидери кои дадоа потпис на овој Рамковен договор, ниту на нас 120 рпатеници, туку за тоа треба да ги прашаме и единствено се надлежни само граѓаните на РМ.

Она што, можеби, е заборавено, но сакам и вас да ве потсетам а и нашата јавност, е една прес конференција што непосредно уследи после барањето за референдум, од страна на претседателот СДСМ Г. Бранко Црвенковски, кој прво рече зошто е против референдумот.

Второ рече доколку ние се изјасниме за референдум, очигледно алудирајќи на македонска и албанска страна, а овде ние не велиме дека референдумот ќе биде наменет за Македонците, напротив тој ќе биде наменет за Албанците, сите тие се грагани на РМ и тој ќе биде легитимен референдум што ќе го распише ова Собрание бидејќи единствено Собранието или 150.000 потписи се задолжителна форма за распишување референдум тогав тоа им дава за право на сите Албанци односно на Македонските државјани на РМ со Албанско етничко потекло да распишат втор референдум.

Вакво нешто морам да кажам, апсолутно не очекував од еден лидер на ваква сериозна партија. Заради тоа што тој, прво, индиректно ги покани Албанците во Македонија да одат на втор референдум, кој што нема да биде , се разбира овде исклучок, бидејќи еден таков референдум имавме. Тоа беше 1992 година кога Г. Бранко Црвенковски беше премиер на Владата на РМ и тоа беше референдум за Илирида, меѓутоа истиот тој беше осуден од страна и на пратениците во Собранието и на граѓаните, па ако сакате и од некои Албанци, заради тоа што сите тие што се здружиле во политички партии во Собранието, кои оделе на избори, а тоа се пратениците на ПДП и ДПА знаат што значи легален референдум а знаат што значи илегален референдум, заради тоа што тоа се граѓани, исто така избрани од едно изборно тело кое што во овој случај претставува, можеби во грото Албанско-етничко, меѓутоа тие знаат што значи почитување на законите, почитување на Уставот и почитување на легитимната форма референдум.

Според тоа, очигледно дека во овој случај имаме една добра игра која што, за жал, е подготвена од страна на опозицијата.

Тоа не е од Албансктие партии априори, поради тоа што тие се изјаснија дека се Рамковниот договор и за неговата имплементација, туку се :

Прво, очигледно дека претставниците на СДСМ се плашат од одговорот на граѓаните, се плашат од своите избирачи и

Второ, индиректно повикуваат на тоа одговор да дадат Албанските политички партии, а не и останатите, односно ние пратениците во ова Собрание избрани на непосредни избори во РМ.

Тоа е една сериозна теза што сметам дека не води во безаконие од причина што и на Г. Бранко Црвенковски и на сите нас јасно ни е дека еден втор референдум во РМ би значел непочитување на институциите на системот, а пратениците во ова Собрание и од ПДП и од ДПА се изјаснија дека сакаат да ги почитуваат институциите на системот. Меѓутоа, индиректното повикување на лидерот на СДСМ дека би можеле тоа да го направат Албанците, значи дека индиректно тој се согласува со таквото решение, токму од стравот, тој се плаши од сопствениот пораз, од поразот дека граѓаните на РМ би можеле да кажат и не за уставните промени.

Сметам дека сето тоа не е исправно, дека ова Собрание расправа за сосема легитимна и сосема легална институција - регерендум, дека референдумот е прашање што може само да го зацврсти Рамковниот договор заради тоа што тогаш ние, кои би можеле да гласаме за уставните промени ќе се спуштиме меѓу нашите гласачи, граѓаните и ќе им објасниме со што се согласуваме, а со што не, дека тоа само ќе значи во РМ траен мир. Се друго би можело да значи, не велам конкретно и не велам дека дефинитивно ќе значи, но би можело да значи носење на едни уставни промени што можеби не сега, меѓутоа за некое догледно време ќе предизвикаат нова криза и ќе предизвикаат ново жариште во Република Македонија.

Односно, можеби повторно мирот ќе го загрозат, а за сето тоа индиректно или директно ќе сме виновни и ние, пратениците кои што на свој грб ќе треба да ја понесеме одговорноста за така сериозни промени што ги нудиме во овој момент.

Според тоа, ќе завршам, Собранието сметам дека е корисно да се изјасни за една ваква иницијатива, сметам дека е потребно двете партии да се договорат во која форма ќе се оди со референдумот, бидејќи веќе длабоко сме навлезени во уставните промени. Можеби да искористат друга форма од законот што ќе ни ја даде таа четврта таа советодавна можност што ја нуди референдумот и трето и најважно референдумот како форма не смееме ниту да ја заобиколиме, ниту да се плашиме од одговорот на нашите сограѓани заради тоа што ние во овие редови седиме токму благодарение на нив, а не заради тоа што сме најпаметни, најумни и оние кои во овој момент треба да ги донесат одлуките во нивно име.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Александар Флоровски, не е тука.

Ванчо Чифлиганец, не е тука.

Танас Трајковски, се откажува .

Сега Г. Положани ме замоли дека тие имаат усогласен договор место тој на негово место да се јави колегата Сејфедин Харуни.

Дали има ваква согласност или не? (има)

Има збор Г. Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и г-да пратеници,

Точка на дневниот ред е Предлог-одлука за распишување на референдум за уставни промени во РМ. Самиот предлог кој е предложен од страна на Нова Демократија, пратеници од НД ја втурнаа РМ не само во расправа што веќе се води 11-ти ден, туку немајќи обзир дека РМ се наоѓа, можам да кажам во една од најтешките состојби од досегашната нејзина историја. Тоа на секого му е јасно. На РМ и претстои момент да се биде или небиде, поради нашата одговорност е одговорност пред се на Македонскиот народ, на Албанците во РМ, а предлагачите кои ја имаат својата одгвороност, со референдум се сака на Македонскиот народ да и се фрли сенка, конкретно по Рамковниот договор постигнат во Охрид а потпишан во Скопје.

Оваа одговорност, г-да пратеници е не само македонска , албанска, турска, муслиманска, српска, туку и одговорност на сите граѓани на РМ, на сите други етникуми кои живеат во РМ. Меѓутоа, нашата заедничка одговорност се состои во одговорноста за самата држава како мултиетничка, мултиконфузионална, онаква каква што е во реалност РМ.

Да го кажам однапред ставот на нашата политичка група, на нашата пратеничка група , на ПДП ставот е јасен. Конзистентен во своето настапување пред јавноста . Занашиот став е запознаена и ние од тој став воопшто ништо не менуваме. Сме

против Предлог одлуката народот да излезе на референдум.

Г-до пратеници,

Не е време за шеги. Шегата да ја оставиме на страна. Се работи за нешто што е најсвето моментално во РМ мир и слобода за сите граѓани во РМ. До колку размислиме реално, тоа е најсветото во моментов, тоа е она што нашето семејство, во РМ и го бара. Ни претстојат големи крупни работи што ние треба да ги решаваме заеднички.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**(Продолжение)

Референдумот е една од најдемократските форми на изјаснување на граѓанте. Тој е легитимен, легален. Нема никаква дилема за овој предлог кој може и да го оспори. Тоа може да го поднесе не пратеничка група на една партија. Таков предлог дури може да поднесе секој пратеник во ова Собрание.

За оваа Предлог одлука за распишување на референдум, господа пратеници, Владата на Република Македонија е должна да даде свое мислење. Колку што мене ми е позната Владата на Република Македонија нема дадено свое мислење. Ако нема дадено свое мислење, таа требаше да зазаме јасен и прецизен став околу ова многу важно политичко прашање. Тоа е многу важно, не само политичко прашање, туку и политички момент, конкретно за ова прашање.

Господа пратеници, да се прашува народот е многу важна работа. Да се почитува гласот на народот не е изум на Новата демократија, како предлагачи, конкретно за предлогот. Меѓутоа, не е изум ни за развојот на демократијата воопшто.

Во Уставот на Република Македонија, во член 2 се вели:

"Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните им припаѓа на граѓаните. Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, а тоа се Собранието на Република Македонија, тоа е Владата на Република Македонија и сите други институции што Република Македонија".

Значи, суверенитетот се пренесува на легитимно избраните претставници по пат на непосредни форми на одлучување.

Во Уставот на Владата на Република Македонија е регулирано прашањето за референдум и задолжително референдум се распишува само за две работи:

1. Доколку државата стапува или истапува од сојуз со други држави и

2. Кога државата носи одлука за промена на државната граница.

Јас не сакам да навлегувам тука подлабоко, бидејќи тоа не е сфера на моите познавања, а правниците ќе го кажат својот збор и своето мислење по ова прашање.

Членот 73 од Уставот на Република Македонија кој зборува за законодавен референдум, но тука има дилеми во правната теорија и пракса. Законот за референдум го доработува тоа прашање. За ова прашање и за видот на референдумот одлучува Собранието на Република Македонија.

Одредбите кои се однесуваат на законскиот референдум се однесуваат и за прашањето на оваа Предлог одлука за распишување на референдум.

Се наметнува прашањето, каде е односот на самиот пратеник за одлучување, конкретно за ова политичко прашање.

За Предлог одлуката за распишување на референдум, поднесен од група пратеници на Нова демократија, ние расправаме веќе неколку дена. Прашањето е што сакаме да постигнеме со овој референдум. Доколку го прашаме народот, или во име на народот ние одлучуваме и покрај што е наше, задолжително тоа да го правиме, тука веќе имаме правно преплетување од предлагачите на референдумското изјаснување, поради тоа што таму правно е јасно и чисто. За ваков референдум одлучува Собранието на Република Македонија и за ваков референдум господа пратеници треба да одлучите вие самите.

На предлагачите на Предлог одлуката за референдум централно прашање им е да го прашаме народот, што не сум против и не сакам погрешно да бидам сфатен, конкретно за ова прашање. Но, јас на предлагачот му поставувам прашање и тоа неколку прашања, односно со тоа што го кажав погоре, поставувам прашање, каде е вашата одговорност и надлежност по ова прашање, откако Собранието веќе се изјасни по Рамковниот договор за промена на Уставот на Република Македонија. Можеби вие не гласавте. Меѓутоа мнозинството пратеници во Собранието на Република Македонија, за Рамковниот договор за промена на Уставот гласаа. Сега сакате со отворање на овој проблем, состојбата во Република Македонија да ја вратите во претходната ситуација, дури од самиот почеток кога и почна кризата во Република Македонија.

Зошто не се изјаснувате дека сте против мирот во Република Македонија, второто прашање. На народот не му е до хаос. И зошто не се изјаснувате дека не прифаќате мир во Република Македонија и дека сте за дестабилизација во земјата, и покрај тоа што народот сака мир, сака слобода, сака достоинство и достоинствено да живее. Имајте доблест во ова што го кажувам.

Доколку на македонската јавност и се објаснува реално, не само овде од оваа говорница, туку и преку медиумите, сигурен сум дека вие ќе можевте од овој товар и од овој баласт да се растоварите, доколку сте свесни дека чувството на загрозеност за сопствената и лична безбедност кај граѓаните од ден на ден се повеќе и повеќе се зголемува. Вие едно кажувате а сосема друго правите, најсериозно го кажувам тоа.

Мене лично не ми е познато што со Предлог одлуката за референдум сакате да постигнете. Најсериозно ви велам, незнам што сакате.

Во моментот треба да се изјасните, ние сакаме референдум но воедно сме и за хаос во Република Македонија. Еден добар дел од граѓаните на Република Македонија, вашиот предлог нема да го прифатат. Јас не зборувам во свое име, зборувам во име на албанците што ги претставувам во Собранието на Република Македонија, тој дел што јас го претставувам. Албанците не го прифаќаат референдумот. Каков успех ќе имаме во конкретниов случај.

Вие во Собранието на Република Македонија, зборувам како Македонци воопшто, го имате мнозинството и можете да одлучувате како сакате. Тоа право нико не може да ви го одземе. Го имате мнозинството и можете да одлучувате онакако како што ќе сакате. Меѓутоа, како ќе одлучите, така и одговорноста треба да ја земето во Република Македонија. Јас јавно кажувам дека дел од таа одговорност и евентуално импликациите што можат да се развиваат во негативен правец во Република Македонија, барем да бидам што се вели тргнат од таа одговорност, не само пред граѓаните албанци, туку и пред другите граѓани на Република Македонија.

Рамковниот договор, јас лично го поддржав, не дека сум задоволен, туку дава надеж. И обичниот албанец да го прашате ќе каже не е задоволен со овој договор. И обичниот македонец да го прашате, ќе каже, Рамковниот договор не нуди некоја задоволителна солуција што би била прифатлива. Меѓутоа дава надеж и дава можност за развој на Република Македонија чии граѓани сме и ние самите. Со Рамковниот договор почнува, господа пратеници, еден многу важен настан, можеби најзначаен за оваа млада и кревка држава, Република Македонија, затоа што ние пратениците во ова Собрание со него треба да отвориме нова страница во историјата на македонците и албанците, ново поглавје за односите на граѓаните од двете најголеми етнички заедници во Република Македонија, незапоставувајќи ги и другите етникуми што Република Македонија ги има.

Во моментов не сакам да зборувам за настаните и случувањата што доведоа до оваа пресвртница, па би сакал и другите да го следат овој пример, затоа што, сигурно, секој од нас може да напише цел еден том за тоа што видел во ова невреме што ја зафати Република Македонија, од јануари до август месец, што видел и што слушнал за овие осум месеци. Секој од нас би го напишал тоа како што на свој начин би сакал да го толкува тоа што го слушал и видел во оваа војна што Република Македонија ја зафати.

Референдумот, господа предлагачи, токму денес во овој голем настан може да ни го доведе во прашање мирот и безбедноста на граѓаните на Република Македонија.

Не знам дали знаете, господа предлагач. Рамковниот договор е политички договор и тоа моделиран и предложен од прогресивната меѓународна заедница, кој, според составувачите на истиот, претставува можеби солидна рамка за враќање на мирот врз квалитетен и брз напредок во Република Македонија. Тој не е само прифатен од прогресивните сили на Меѓународната заедница. Токму и од прогресивните сили, потписници на Рамковниот договор од нашата република, тој ист Рамковен договор е прифатен и со тоа претставува солидна рамка за враќање на мирот врз квалитетен и брз напредок на Република Македонија.

Предлог одлука за спроведување на референдум во Република Македонија, брзиот и квалитетен напредок на земјата, сигурен сум дека ќе го поттисне и ќе не врати во самата длабина на тој тунел во кој заедно влегувавме.

Напред реков дека не сме задоволни во целост од Рамковниот договор и понудените решенија во него и тоа, од квалитативен и од квантитативен аспект. Гласавме за иницијативата за промена на Уставот. Тоа беше јавно. И како партија и како албанци овде тоа го манифестиравме.

Се наметнува прашањето, зошто. Господа предлагачи, запишете ги овие одговори што на некој нечин ќе можам да ги дадам.

Зошто? Затоа што не сме задоволни од проста причина што, ако се усвојат овие промени на Уставот, албанците во Република Македонија ќе имаат помалку права, стекнати со Уставот од 1е74 до 1ее0 година, а ќе имаме нешто повеќе права со Рамковниот договор, што ги немавме во оваа декада, почнувајќи од 1ее1 до 2001 година. Можеби ова звучи апсурдно и невистинито за предлагачите, затоа што можеби тогаш биле многу млади и не ги следеле овие работи и им е непознат политичкиот систем во Република Македонија, во изминатите 27 години.

Господа пратеници, да ве потсетам,

Денес македонските екстремисти го заплашуваат својот народ, дека ако се усвојат предложените промени на Уставот Македонија ќе изгуби се и сешто, дека Македонија ќе се разнебити, дека ќе ја снема и разни други глупости, воопшто не сваќајќи дека недискриминирањето на албанците во Република Македонија, не значи дискриминација на Македонците во Република Македонија. Дека не е така, ќе изложам само неколку примери, посебно за оние кои, за жал, немаат подолго памтење, па сакам да ги потсетам.

Прво, во Рамковниот договор албанскиот јазик предвидено е да биде официјален во Република Македонија, или пак во службена употреба, во форма и начин што не ги задоволува очекувањата на албанците. Тоа право албанците го имале уште поодамна. Да ве потсетам, албанскиот јазик се пишувал и говорел на овие простори уште од времето кога вашите предци живееле многу далеку и не беа дојдени на Балканот. Албанскиот јазик се пишувал и говорел во современа држава Македонија и бил во службена употреба дури и пред да бидат родени некои лидери од овие партии. Истите ако ова не го паметат, барем нека читаат или нека прашаат некој како било тогаш и дали граѓаните на Република Македонија се чувствувале не безбедни, несигурни, или посиромашни и повеќе исплашени.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Албанскиот јазик на албанците им било дозволен и во Собранието на Република Македонија да говорат на својот мајчин јазик, Читајте ги материјалите од Првото заседание на АСНОМ одржано на 2 Август 1е44 година во Прохор Пчински. Потпретседателот на тоа Собрание, на тој АСНОМ, г. Неџат Аголи на Собранието му се обратил на свој мајчин јазик - албански. И тогаш уште не ослободена Република Македонија, Аголи го употребувал албанскиот јазик во Собранието, односно на АСНОМ - 2 август 1е44 година. Тогаш албанскиот јазик на никој не му пречел. И плус тоа по говорот г. потпретседател, а денеска е покоен и тоа на многу свиреп начин, бил аплаудиран во самото Собрание и делегатите на АСНОМ станаа и ракоплескаа. Не бил пречка албанскиот јазик и во Собранието на Република Македонија да се употребува уште кога Македонија ги поставуваше темелите на една модерна држава.

Второ, во Рамковниот договор се нуди пропорционална застапеност при вработување на албанците во јавната администрација, а со тоа би се поправила една направена грешка за албанците дури од 2 август 1944 година па наваму, повеќе од 57 години, и да се поправи таа огромна неправда и да се отстрани на начин како што е во сите нормални држави, во сите демократски и цивилизирани држави, тоа не е апсурд. Ако овој дел на Рамковниот договор господа предлагачи на предлог-одлука за референдум ви пречи и е пречка, тогаш Не можам да бидам убеден дека не ја враќате Македонија не само пред една декада, туку на повеќе од петипол декади.

Во сите земји со слична структура на општеството како што е Македонија мултиддничка и мултиконфесионална, ако се сака да се биде стабилен мора да се води политика на паритите и на сооднос на сите граѓани на таа држава. Ова не е нешто невидено па да се заплашува народот до бессвест доколку се прифатат промените на Уставот, Македонија ќе ја нема, по ваше и ваше инсистирање, за жал. Во многу земји се оди дури чекор напред па со механизми на таканаречена позитивна дискриминација Се надминува и овој паритет што ние во Рамковниот договор го бараме. А Предлог-референдумот по наше уверување состојбите ги враќа во време од пред 57 години.

Трето, со Рамковниот договор се нуди децентрализирање на локалната власт. Тие што не паметат децентрализација на власта, тие можеби и не се свесни дека за нив тоа е чудо невидено. Децентрализација на власта во Република Македонија и нејзините институции го имаа дури од почетокот на нова Македонија од 2 август 1944 година.

Тогаш општините ни беа држава во држави, никому не му сметало тоа живеење во тие мини држави, тогаш не му паѓаше на ум да се спротивстави некој на тој политички систем да каже, Не, на таквото уредување и колку се сеќавам дека никој не велеше дека со таквите силни независни општини ќе ја снема Република Македонија. Денешните наречени патриоти дел од македонскиот блок, за жал ни наметнаа расправа по референдум токму поради тоа и поради овие промени ко бајаѓи не се потребни и дека ако не се почитуваат тие, ќе биде спас за Република Македонија. Напротив г. пратеници, пред се, не сте свесни дека со таквото постапување не водите во хаос, барем од мое гледиште. Имајќи ги предвид овие неколку факти со право се поставува прашањето - зошто измислувате проблеми кои подоцна ќе прераснуваат во конфликти, кои не можат, а и не можеме, Не само вие, туку заедно, да не зборувам за едната страна, дека не ќе можете и не знаете да ги решавате. Сигурен сум дека ќе навлеземе во еден поголем конфликт . Албанците со Рамковниот договор повраќаат само дел од веќе стекнатите права од пред 27 и повеќе години, кои новите "македонски патриоти" бессмислено и безобрасно ги укинаа во 1991 година.

Имам и доблест спрема ова што го кажувам. Само малку да беа свесни во 1991 година, ние не ќе се соочевме со војната во 2001 година. И никој тука нема право, Дека таа не беше војна за враќање на правата на албанците одземени во 1991 година. Најдете бар еден пример на народ на кој му се укинаа толку стекнати права и кој станал рамнодушен и се потчинил на таквата пресуда. Јас сум убеден дека во светот таков народ нема никаде, кој секако би бил рамнодушен за одземените права.

Под многуте досегашни средби што сме ги имале со странски политичари и претставници на разни држави, дипломати или новинари, од многуте со кои сме контактирале, кога не прашаа и кога сме одговарале на прашањето зошто референдум во Република Македонија по Рамковниот договор постигнат во Охрид а потпишан во Скопје, ние сме одговориле, се сака да се врати првобитната состојба во Република Македонија, Албанците да бидат дискриминирани и понижувани во сите аспекти.

Господа пратеници, зошто сме Се бореле како политичари една декада тука во Собранието на Република Македонија како албанци? А тоа беше борба за враќање и унапредување на суспендираните права што би рекол тоа не би била погрешна и залудна борба за промените на системот и институциите во Република Македонија, онаква, каква Република Македонија е, мултинационална и мултиконфесионална.

Со референдумот на еден начин се сака да се врати минатото. Овој отпор крајно апсурден сака да се јавува од македонската страна, конкретно со Предлог-одлука за референдум и тоа од еден дел од македонски пратеници во Собранието на Република Македонија. Јас поинаку не можам да го објаснам освен како тотално отсуство на интелект, недоволна политичка култура, недоволна информираност на дел од пратеници и на многуте од јавноста на Република Македонија. Не би рекол дека сте необразовани. Ова се должи на политичката елита кога не би била медиокритетска, кога македонското новинарство би било попрофесионално, етика во новинарството, кога поедини самонаречени политичари, со кои се среќававме не само оваа декада туку и пред оваа , поготово поедини интелектуалци кои наведуваат да ги викаме неписмени, или кога би биле пописмени, сигурно граѓаните не би дошле во вакви трагични заблуди да мислат дека навистина со овој акт на промени на делови на Уставот на Република Македонија, Македонија ќе ја снема.

Господа пратеници, на македонската јавност и должите експлицитно да ја информирате за сето тоа што е, и што се предвидува со промените на Уставот на Република Македонија. Доколку праведно и бидете експлицитни во тоа објаснување, не дека нема да имате референдум, туку референдумот и во вас и во вашите глави не ќе беше најдобра солуција да се предложи.

Сакам да им помогнам на предлагачите, но не сакам да ги замислам дека се параноични во нивниот предлог. Но, сепак тие немаат моќ да сфатат дека се за хаос и дека хаосот во Република Македонија може да биде многу набрзо.

Овде можат да си помогнат новинарите македонци, барем само малку да имаат доблест и да бидат објективни и да ги објавуваат фактите предочони не само на албанците туку и на оние кои ги изнесуваат странците во своите медиуми.

Тие факти нека ги пласираат во јавноста и не треба ништо повеќе да пласираат.

поинаку не можам да го објаснам освен како тотално отсуство на интелект, недоволна политичка култура, недоволна информираност на дел од пратеници и на многуте од јавноста на Република Македонија. Не би рекол дека сте необразовани. Ова се должи на политичката елита кога не би била медиокритетска, кога македонското новинарство би било попрофесионално, етика во новинарството, кога поедини самонаречени политичари, со кои се среќававме не само оваа декада туку и пред оваа , поготово поедини интелектуалци кои наведуваат да ги викаме неписмени, или кога би биле granописмени, сигурно граѓаните не би дошле во вакви трагични заблуди да мислат дека навистина со овој акт на промени на делови на Уставот на Република Македонија, Македонија ќе ја снема.

Господа пратеници, на македонската јавност и должите експлицитно да ја информирате за сето тоа што е, и што се предвидува со промените на Уставот на Република Македонија. Доколку праведно и бидете експлицитни во тоа објаснување, не дека нема да имате референдум, туку референдумот и во вас и во вашите глави не ќе беше најдобра солуција да се предложи.

Сакам да им помогнам на предлагачите, но не сакам да ги замислам дека се параноични во нивниот предлог. Но, сепак тие немаат моќ да сфатат дека се за хаос и дека хаосот во Република Македонија може да биде многу набрзо.

Овде можат да си помогнат новинарите македонци, барем само малку да имаат доблест и да бидат објективни и да ги објавуваат фактите предочени не само на албанците туку и на оние кои ги изнесуваат странците во своите медиуми.

Тие факти нека ги пласираат во јавноста и не треба ништо повеќе да пласираат.

Велам само тие факти поради тоа што, со тоа ќе ви се отворат очите и бар малку да излезете од информативниот мрак и да погледате во странските прогресивни новинари, а македонската јавност ќе се увереше дека вие сте биле во големи заблуди и крајно можеби од поединци манипулирани. Има многу примери за ова што го кажав, но ќе спомнам само некои:

Прво, ќе ве вратам во 1994 година, 1995 година. Во 1994 година цела таа техника и арсенал што го поседуваа некои работни организации во Тетово се ориентираа да ги рушат провизирани во почетокот простории на Универзитетот во Тетово. А потоа и покрај тоа што албанците тој проект јавно го манифестираа и тоа желбата за високо образование беше спремен и да се самопожртвува, само со една цел, да биде цивилизиран, да биде културен, и да има Универзитет како што соседите македонци ги имаат два, а албанците го основаа Тетовскиот Универзитет кој од страна на бруталниот отпор до бессвест да се урива, да се затвара, а поготово идејаторите на Тетовскиот Универзитет да се затвараат и да се мачат до бессвест од режимот што го имавме. Тогаш се велеше а за жал сеуште така мислат многу македонски наречени интелектуалци дека ако им се дозволи на албанците да имаат свој Универзитет, ќе ја снема Македонија. Јас не познавам таков пример во светот кој што Универзитетот на еден етникум срушил држава на својот народ.

Второ, парадоксално е да се гледа и да се мисли за што фактички албанците од Македонија биле приморани да се кренат на вооружено востание. Кога насекаде во светот оружјето се зема враце само за отцепување на народи или сепарации на народи во дел на тие држави. Албанските востаници во Република Македонија оружјето го земале за реализирање на елементарните права и рамноправност на државата чии граѓани се и сами тие. Овде се пласираа многу имиња за луѓето: талибанци, терористи, тука се пласираше исламскиот фундаментализам, качаци, банди и што не друго. А никој не стана да каже дека тие се бореа за елементарните права и рамноправност на државата чии граѓани се тие. Никој од вас не стана да каже јавно на говорница, тие се борат за да инвестираат и да придонесат за стабилноста во Република Македонија. И покрај тоа што вашите заблуди беа присутни. Се разбира само со фер принципи, за разлика од самонаречените лидери на таканаречената оаза на мирот кои нудат планови за раздор, па дури некои со карти излегоа за етничко чистење. Албанските востаници се бореа за спротивното. Стоп на таквите фашизоидни карти и раселувања и разместувања на народи, а воедно и стоп на државниот тероризам.

Никој од вас овде во Собранието немаше доблест тоа храбро да го каже. Јас не сакам да реплицирам со некои што бев нанервиран пред три-четири дена, меѓутоа храброста е човечко. А тоа не значи дека со таа храброст и храбро искажување за сите случки, ние не губиме. Напротив добиваме во тој однос.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Јас исто така знам дека и овде, во Собранието на Република Македонија, дел од македонските претставници се цинични, кои не веруваат во овие искажани станови и се бранат со предрасудите дека тоа се мамки на некакви трикови и некакви мамки за остварување на некакви си црни сценарија. Да беше така војната не ќе престанеше. Никакви задсценарија ниту во почетокот ниту на завршетокот на војната немавме. Затоа храбро го изнесувам ставот на самата говорница на Собранието на Република Македонија. Бидете сигурни се случи тоа што беше неопходно да се случи. И најпосле НАТО влезе во Република Македонија чин кој ПДП го поздравуваше и сме таа меѓународно воено-политичка организација со углед и голем кредибилитет да остане во Република Македонија, која е гарант за чување на кревкиот мир во Република Македонија додека не се оладат главите на некои лавови наречени и тигрови наречени во Република Македонија.

Албанците се залагаат во Македонија НАТО структурите да останата и понатаму не само за својот интерес туку и за сите интереси на многуте етникуми што ги има во Република Македонија.

Кога веќе ова се случи, воедно влегувањето на НАТО силите во Република Македонија се случи и тоа да им се поматат плановите на оние кои сакаат да војуваат со идеи и доктрини застарени против сограѓани во сосптвената држава. Ние неможеме сами да ги решиме овие проблеми, ни пред десет години, ни сега. Доколку не беше отсуството на волја и разбирања од политичките претставници на макдонските политички партии во Собранието на Република Македонија. Затоа влегувањето на НАТО струк-турите во Република Македонија е гарант за решавање на оние проблеми кои не бевме кадри да ги решаваме ние самите, проблемите меѓу албаниците и македонците. Неопходно беше потребно еден да биде арбитар, конкретно во случајот Македонија 2001 година.Во конкретниот случај тој гарант и тој арбитар се НАТО структурите, Европската заедница и САД.

Несакајќи повеќе да должам, иако може многу да се каже, ќе повторам дека сме против Референдумот, но сме за промени на Уставот на Република Македонија.

Благодарам што бевте внимателни, а јас за ваша желба ја скратив мојата дискусија, ценејќи дека вие се фативте за пенкало, а јас ќе можам да реплицирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Спанаков, ке користите место за говор, или од говорница? **РИСТО СПАНАКОВ:**

Не, од овде.

Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас би сакал да му реплицира на Г. Харуни за одредени работи што ги искажа од говорницата во кои што говор кажа одредени работи на кои би сакал да укажам во интерес на вистината.

Најпрво, господинот Харуни одржа еден многу патетичен говор. И самиот изгледа е многу доблесен да ги согледа проблемите и по нив да дискутира, а во исто време е доблесен и да ја согледа вистината но од диоптрија која што само него му е позната.

Дали во пратеничката група Нова Демократија има интелект, дали нема интелект тоа мислам дека е за друга дискусија и господинот Харуни она што го кажа мислам дека воопшто не му доликува.

Понатаму, мислам дека сме сосема доволно политички образовани во овој момент и во овие три години, колку што сме во Собранието на Република Македонија за информираноста сме прилично добро информирани, а го убедувам дека професијата ни е таква и можам да му кажам дека воопшто не сме параноични. Тоа е она што сакам само да му кажам во еден дел од репликата на она што го употреби од говорницата. Исто така сакам да му кажам дека во најголем дел во дискусијата се служеше со невистини затоа што Владата на Репбулика Македонија, можам да го покажам овој документ.

(Го покажува документот).

Има дадено мислење за предлогот на Нова демократија во врска со референдумот на 6 септември. Значи дека тоа е ноторна лага и не би коментирам околу тоа повеќе. Мислам дека господинот Харуни или недоволно го следи собранискиот печат или не ги следи доболно работите што ги добива па да види дека на 6 септември во 11,50 минути во Собранието на Република Македонија е доставен еден предмет кој што гласи: "Предмет известување", при што се

укажува дека на поднесеното барање на пратеничката група Нова Демократија за распишување референдум во Република Македонија, што и е доставено со писмо под број и датум, а согласно член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се укажува на тоа кој се има право да поднесе барање и предлог за распишување на референдум во Република Македонија. Понатаму сите работи во овој докумет ги има, така да би го замолил да ги прочита и да види дека тоа воопшто не е точно.

Понатаму, Нова Демократија како пратеничка група и како партија воопшто не ја турка Македонија во никаков хаос, ниту пак сака да расправа по такви прашања какви што сега господинот Харуни тука ги наметнуваше. Господинот Харуни употреби неколку термини, на кои што сака да му свртам внимание во овој момент како што ги употребуваше.

Република Македонија ја нарече прво мултиетничка и мултиконфесионална држава, што е голема разлика од мултиетничко и мултиконфесионално општество. Затоа нека прочита малку во сегментот кој нас не упатува на политичка култура, малку повеќе да се дообразува на тоа поле.

Понатаму, јас повторно ќе му кажам дека сме сосема зрели како личности да можеме правилно да расудуваме и да носиме правилни одлуки. За одговорноста и надлежноста на Нова Демократија би му го кажал и следново.

Ние сме сосема одговорна политичка партија и сосема надлежни да поднесуваме барање за распишување на референдум во Република Македонија.

Би го потсетил и уште нешто друго господинот Харуни. Јас незнам дали во ова Собрание некој гласаше за Рамковниот договор. Во Собранието се гласаше на 80-тата седница за пристапување кон промени на Уставот а не за ратификација на Рамковниот договор. Ратификацијата на Рамковниот договор јас незнам како поинаку би можел да ја наречам освен состојба во Собранието која не поминала никаква процедура. Тој договор воопшто не се ратификуваше во Собранието. Ние само го применуваме она што во Рамковниот договор стои запишано, а тоа е започнавме процедура за менување на Уставот и на 80-тата седница колку што јас знам ние изгласавме започнување на иницијативата за промени на Уставот од страна на овластен предлагач. Тоа беше се, колку што мене меморијата ме држи, паметењето и свеста дека тоа сме го правеле, а јас незнам дека ние сме ратификувале некаков рамковен договор.

Тезата дека сите оние кои ќе побараат било што друго освен рамковниот договор се против мирот во Република Македонија мислам дека воопшто не држи кај господинот Харуни според она што го искажа на говорницата.

Што сакаме да постигнеме со референдумот, дека сакаме да постигнеме хаос и тн., и околу тоа не би коментирал многу затоа што целта на референдумот не е да се постигне хаос во Република Македонија. Тоа е погрешно сваќање на господинот Харуни. Очигледно не ја сватил намерата и целта зошто се распишува референдум во Република Македонија. Целта воопшто не е да се отфрли Рамковниот договор, ниту да не се работи по него, само га го потсетам господинот Харуни за негова информација двајца пратеници од Нова Демократија по поднесената иницијатива од претседателот Борис Трајковски за пристапување кон промени на Уставот гласаа за, а двајца гласаа воздржано. Гласавме така затоа што сметавме дека Уставот како таков постои можност да се доусовршува и дека по тој основ даваме мотив за разговор по него, меѓутоа дека се она што е запишано во Рамковниот договор во делот за уставните промени априори не го прифаќаме и затоа поднесуваме барање за распишување на референдум, бидејќи тоа е најдемократскиот начин за изјаснување на граѓаните.

На крај само уште нешто, не би сакал многу да должам.

(Сејфедин Харуни од место - продолжи колку сакаш).

Само колку да ви кажам господине Харуни неколку работи и да знаете.

Вие споменувате тука некои други работи кои се воопшто неприфатливи. Меѓутоа, ќе ве потсетам само на тоа дека борејќи се за стабилност во Република Македонија и за повеќе човекови права вашите дојденци од Косово, вашите агресори од Косово кои што вие ги прифаќате како ваши не сакате да видите од вашата диоптрија дека е точно тоа агресија врз Република Македонија, господине Харуни. Ако тоа не ви е јасно ве молам малку подобро да ги согледувате работите и ставете си малку поголема диоптрија за да ја видите вистинската состојба.Немојте во тоа име да коментирате дека борејќи се за рамноправност и за повеќе човекови права

тука да се прави се што се правеше во Република Македонија.(раселување на лица,етничко чистење, тероризирање, убивање на недолжни цивили, уби-вање на припадници на вооружени сили на подмукол начин и тн.)Сето тоа се вистини од кои што господине Харуни неможете да избегате.

Јас не би сакал повеќе да должам и затоа тука некаде би завршил со реплика на господинот Харуни. Немам намера повеќе да реплицирам на неговите ставови затао што мислам дека сепак би требало да биде малку подоблесен доколку сака да ја зборува вистината, а очигледно тоа не е неговата одлика, да ја зборува вистината.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Експлицитен ќе бидам во конкретниот случај господиние.

Ако некој мисли дека може да зазема право и да ги узурпира основните права и интереси на другите, следиме добро и со ниту една аргументација не може да правда превземање на права што не му припаѓаат, Со таков вид на узурпација на интересите на другите конкретно во Република Македонија и уште повеќе во Парламентот не само што не може да се создадава клима за конструктивен дијалог и разговор, туку се продлабочуваат поделбите за дестабилизација на Република Македонија по втор пат.

Можеби во крајна линија таква е и целта на оние што ги кршат основните норми на дозволено однесување. Па тоа би било да е и твое и на твои слични.

На говорница се рекоа тешки зборови, па на крај незнам дали некој грешеше и рече на говорницата дека некој наводно од потписниците на Рамковниот договор се пишманил. Ви го наметнувам прашањето, тоа да го кажете со име и презиме. Дали е пишман Борис Трајковски, претседател на Република Македонија. Дали е пишман Љубчо Георгиевски? Кажете го. Или е пишман Бранко Црвенковски. Овие биле застапници од македонската страна на тој Рамковен договор. Барем да ги викаме пишман потписници.

Меѓутоа јас сум сигурен дека овие што ги прозвав, именував на говорница, особено првиот, пишман, Борис Трајковски, претседател на Република Македонија. Инсистирав преамбулата да се измени. Ние дадовме предлог Македонија држава на македонците и на албанците во Република Македонија. Она народното "за инат на невестата да ми умре синот". Изворен податок е ова дека нивниот предлог бил таа да се изменува и да се настојува на граганска држава. Вие немате што друго.

Едноставно вие сакате статус кво во Република Македонија а не го поставувате прашањето тој статус кво дали ќе зависи само од вас или од нас. Ставете го малку прстот на глава Статус кво во Република Македонија не само вие што не можете, туку ниту еден поединечно од народите во Република Македонија тоа неможе да го направи. А зошто вие тоа го барате? Затоа што во двата универзитета на Република Македонија господа пратеници вработени се 2394 доктори на науки, магистри и останати во администрацијата од кои само 11 се албан-ци. Затоа барате вие статус кво и за непромена на Уставот и сте против реформите во Република Македонија.

Еден друг податок. Во Република Македонија има 365.000 претплатници на ТВ апарати од кои албански сопственици се 165 и тоа на трите канали од ТВ на Република Македонија се емитува 43 часа и тоа на 24 саати, а на албански наставен јазик таквите програми ги има-ме во една програма и тоа три часа дневно. Затоа вие сте за статус кво во Република Македонија.

Одиме понатаму. Во истата куќа се вработени 1730 од кои само 90 се албанци. Вие барате алибегова слама. За жал нeја ја нема веќе.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**-.(Продолжение)

Одиме понатаму. Не, не се поминати пет минути. Не, не се поминати пет минути. Само не можеш да слушаш, немаш доблест.

Во МВР се вработени 9800 македонци, од кои , за жал. 176 албанци, а денес во МВР нив ги немаш ни една третина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г-дине Харуни ако бидете фер, напуштете ја говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Електродистрибуција од Госативар.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам вашата реплика помина.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не дека помина, туку застани молимте,. 117 ги има во Електродистрибуција во Гостивар, а од нив само шоферот и двајца други вработени во администрацијата. Господо, статус кво само вам ви одговара. Дали ја прашувате другата страна дека статус кво никому не одговара.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не статус кво, ќе ви кажам дека ќе ве исклучам од говорница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ајде, молим те, исклучи, пошто и така имам висок глас, ќе ме чујат до таму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, штом е така , исклучете го од говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас немам патетичен говор тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви заврши репликата и ве молам одете. Почитувајте правила на однесување. Ве молам, напуштете ја говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Намам патетичен говор, само му реплицирам на г-динот Столе Попов.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Харуни, ве молам одете.Ако продолжите натаму , да знаеде дека и од салата ќе ве отстранам. Вие морате да почитувате основни норми на почитување.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ќе те почитувам затоа што сте многу алергичен на податоци.

Г-дин Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Јас се пријавив редовно за реплика. Ако овде претседателот ја води седницата, ако редоследот е така, јас веднаш ќе ја напуштам говорницата.

Почитуван потпретседателе, дали да продолжам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Продолжете, се согласи г-динот Чедо Петров да одите пред него.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Тогаш значи јас сум во право.

Благодарам многу.

Излегов само за две нешта што сакав да ги појаснам и би го замолил, прво потпретседателот на Собранието кога одредени овде беседници зборуваа за одредени макеоднски екстремисти, во Собранието на РМ. навистина треба да бидат опоменати. Мислам дека во овој дел што се однесува на макеоднскито блок на политички партии, во оваа дебата и воопшто во сите овие кризни моменти, апсолутно немало такви екстремисти и тоа потпретседателот сериозно треба да го санкционира на говорницата. Тоа е првото прашање кое станав да го демантирам.

Второ, што сакам да појаснам една работа, за која што веќе неколку пати по ред се случува во ова Собрание, тоа е потфрлување на претпостафката или на хипотезата дека албанците во РМ се автохтон народ или на Балканот се автохтон народ. И, тие имаат право на оваа територија и дека сите други на Балканот се дојдени од некаде.

Најпрво, навистина , ваквите квази историчари треба да им ги вратат парите на тие што ги подучувале на ваков начин и во овој миг јас сакам да укажам исто и за нив, но и за поголемата јавност дека историските факти се сосема поинакви , вистината е тука, но треба само да се отворат Византискtие документи и да се види целата вистина. Имено,за што станува збор? Албанците на Балканскиот полуостров донесени се т.е. преселени се од Кафкаска Албанија од познатиот византиски император Иракли и тоа при крајот на 8-от век во нашата ера. Тие се донесени на Балканот како тампон зона токму на местата во земјата на орлите, каде што Рим, стариот Рим и Македонија ги водеа главните војни и кога последно Македонија ја загуби битката и Македонија беше поделена на повеќе теми, прима, секунда и т.н., да не набројувам. Токму затоа, албанците денес ги има дури и покрај Каспиското море, ги има и во Украина како што се влечени, начинот на преселување на овој дел како тампон зона ги има во Украина, ги има дел во Бугарија, ги има на овој полуостров. Тоа се документи кои можете да ги отворите и да видите каде се наоѓа вистината за албанците. И , немаат никаква врска албанците со Илирите. Илирите се сосема други племиња, кои немаат никаква етнолошка и никаква етногенеза со денешните албанци.

Исто така, сакам да подвлечам, ова е многу интересно и треба да го прочитате и да немате претензии апсолутно дека на теренот на Балканскито полуостров вие сте староседелци. Апсолутно тоа е ноторна лага, ноторна невистина, ве молам отворете ги византиските документи, посебно појдете во Ватикан и ќе ви дадат точни инфорамции за ова нешто.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ние западните ги читаме за разлика од тебе.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Исто така, тие се комунистички теории за доаѓањето на Словените од Карпатите и т.н., тоа е тема за која што можеме да отвориме, ако сакате, посебна расправа.

Исто така, по трет пат сакам да укажам дека беседникот пред мене овде се отепа од објаснување какви биле правата на албанците во поранешна Југославија. Поранешна Југославија беше друга творба. Не можат тие права од поранешна Југославија со пет републики и две покраини и со друго политичко уредување, да се поистоветат со денешна Македонија, која ние од 1990 година ја имаме како самостојна, суверена со свој Устав. Според тоа, немојте да се повикувате на било какви наследени или незнам какви права. Правата на малцинствата во секоја држава во светот се регулирани не само со Повелбата на Обединетите нации, туку и со сите други повелби, за кои наредниот пат кога ше бидат амандманите ќе ги донесам овде , ќе ви ги цитаирам дел по дел, за да видите за што станува збор.

Еднаш треба да расачистиме со тоа дека наследени права од поранешна Југославија, мора да се пренесат и во денешна Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динот Чедо Петрво, па потоа г-динот Столе Попов.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, после дискусијата на г-динот Харуни и во претходните денови уште на неколку пратеници просто да му паден криво на човек зошто поднел иницијатива за референдум. Зошто поднел иницијатива за најдемократската постапка во една држава во која што и граѓанинот како единка може да се произнесе за истата. Всушност, предложени се со амандманите и со Рамковниот договор потпишан , донесен во Охрид, се предлага една третина од измените на Уставот на РМ и тоа измени кои што се многу битни, суштествени, измени за кои што ние , ниту во своите избори, ниту подоцна имаме добиено мандат од нашите граѓани. Не е спорно дека ние како пратеници можеме и без референдум да одлучиме. Тоа не е спорно. Меутоа, со оглед на тоа дека станува збор за многу битна тема , за многу битни промени, ние одлучивме да го прашаме народот, поточно да поднесеме иницијатива тука и доколку поголем број од пратеницит еизгласаат, тогаш би оделе на референдум каде што граѓаните би го дале својот глас за или против ваквите измени.

Во процесот на објаснуувањето на иницијативата од нашата умешност, од доброто информирање на граѓаните на РМ, ќе зависи и нивната одлука за или против. Нема потреба од толкав страв дека референдумот е промотор односно ќе биде двигател на воени дејствија во РМ. Двигател на воени дејствија во РМ , како и што беше од г-динот Харуни речено, оружјето се зема само за отцепување, а албанците за мир. Мислам контрадикторност до крај. Значи, албанците кои што ги нарекуваме ние терористи, талибанци и други го Земаа оружјето, за да добијат мир. Тоа вие го рековте. Г-дине Харуни на затворена седница на ова Собрание , заклучоците кои што ги донесовме ние заословувањето односно именувањето на овие групи јасно рековме дека се тоа вооружени групи, сепаратисти, пардон, екстремисти, вооружени групи екстремисти. Во тој период на почетокот на војната, да, тој беше правиот термин. Меѓутоа, почитувана господо овие вооружени групи, екстремисти почнаа да дејствуваат со терористички методи потврдени со многуте терористички активности и дејствија и дела кои што ги направија во овој период од неколку месеци. И, не може да се изземе овој термин дека тие се таротристи.

Од ваша страна беше речено дека нема законска основа за поднесување на ваква иницијатива и на неколку пати од претходните дискутанти дека оваа иницијатива за референдум е задоцнета. Почитувана господо, еднаш го објаснував законот тука, сега втор пат ќе кажам Дека референдум распишува Собранието на Република Македонија. Тоа е речено во член 2 многу јасно. Референдум задолжително, вие рековте дека референдум се донесува само за две точки. За усвојување на одлука на Собранието за менвуање граница на РМ и на одлука за стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави. Тоа е задолжителен референдум. Меѓутоа, член 4 предвидува, референдум може да се распише за донесување на закони за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања од надлежност на Собранието. Задолжителниот референдум кажано во член 15, законодавниот референдум може

да биде претходен или дополнителен референдум. Задолжителен референдум може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон, претходен референдум или за преоценување на закон што претходно е донесен. Значи, не станува збор за задоцнета инициајтива при утврдувањето на текстот на одлуката, ова е расправа , а по завршувањето на расправата кога ќе се утврдува текстот на одлуката, тоа ќе дојде на дневен ред.

Спомнавте за АСНОМ и за г-динот Аголи. Да, г-динот Неџат Аголи е почитуван и се борел против фашистите и балистите во РМ.На АСНОМ,почитуван г-дине Харуни внимателнов е слушав и ве замолувам да се сослушаме, на АСНОМ се прогласи националната држава на македнскиот народ кој им ги призна правата на арнаутите, турците и другите малцинства. Земете го и прочитајте го.

Зборувате за пропорционална застапеност и за јазикот. Ние не сме атхок против ова . Пропорционалната застапеност зависи во многу и од многу нешта, меѓутоа....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Петров ви измина времето.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, морам да го кажам сето ова , за да не се јавуваме по пет пати и сум предлагач и мислам дека мора да се дообјасниме.

Пропорционалната застапеност зависи од многу нешта и доколку сте доследни зборувате за принципиелност и за , демек, пропорционална застапеност на албанците во сите јавни претпријатија, јавни установи и вон државните органи во РМ.Меѓутоа, во амандманот 12 предложен сега со овој Договор истапувате од вашата принципиелност односно се предлага , Собранието оснива комитет за односи меѓу заедниците. Па, се предлага, тој комитет да биде составен од 7 македонци, 7 албанци и 5 од останатите малцинства. Тоа ли е структурата , која што се предлага во амандманот 12, за која што овој комитет треба да биде формиран. Станува збор за непринципиелен пристап од ваша страна и омаловажување и критикување.

Поставивте неколку прашања на кои што треба да ви одговориме, но во добар дел Ристо Спанаков колегата ви одговори, и прашањата се каде е вашата одговорност за ваква иницијатива , а Собранието изгласа уставни промени. Г-дине Харуни ова Собрание нема изгласано уставни промени. Нашата иницијатива остануваме на истата. За текстот кога ќе дојде време ќе разговараме. Доколку, не убедите дека треба одредени интервенции да направиме сите заедно , сите парламентарни групи, не исклучувајки ги и ПДП и ДПА, за текстот на прашањето референтско, можеме да настапиме заедно и да го усогласиме.

Неможам да прифатам дека сме антиалбански расположени со вакви провокативни говори. Нашата цел, најнапред на Нова демократија не беше да дадеме иницијатива за референдум, за да направиме уште поголема делба најнапред меѓу нас македонците, потоа и меѓу макеоднските пртии и меѓу албанските партии. Тоа наша цел не беше. За жал, нетрпеливоста полека , полека излегува на виделина. Но, да разговараме имаме и простор и време , нека не не убедуваат дека нема време. Нека не не убедуваат за 24 часа или за 24 дена или за два ипол месеци дека треба да донесеме уставни промени од ваков битен акрактер. За ова се разговара, а по заврувањето и изгласувањето тука и по потврдувањето од граѓаните на РМ, дури тогаш можеме да сметаме на стабилен мир во РМ. Инаку, и едните , албанците се чувствувааат и вие самите рековте на неколку пати, изманипулирани, каде ја губат големо албанската идеја , а исто така и макеоднците се чувствуваат изманипулирани дека нашето раководство, државниот врв потпиша капитуалација со овој Договор. За да се нема горчината на тоа, потребно е да ја запазиме процедурата и по гласањето тука да одимена референдум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво Столе Попов па после вие. Луѓе разберете, Ве молам, јас ја водам седницата...(Пратеникот Харуни излегува на говорница).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вие водите како што е ваш кеиф г-дине потпретседателе. Господинот потпретседател води како што е негов ќеиф да води седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, во Деловникот стои никој не може да говори додека не добие збор. Како вие тоа ќе го имате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ама како ќе добијам збор, кога вие не давате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

После г-динот Столе Попов вие сте на ред. Ви реков сто пати.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, ама 15 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, тогаш јас ќе одредувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ти не можеш да ми одредиш. Затоа сега барам збор,тој мене ме спомна, безобразник.Јас имам говор, јас имам говор. И да ве убедам дека не си способен да водиш седница на Собрание. И дека сакаш Собранието да го оспориш во она далаверска работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, немате добиено збор. Одете од говорница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не излагам. Не е начин на комуницирање со реплики во Собранието на РМ.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Харуни ме спомна.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извинете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, со сила ништо не бива.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Дајте му збор на г-динот Харуни, јас после ќе зборувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:

Јас барам збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не ви давам збор. Јас му дадов з бор на Столе Попов, па вие сте по него.

Ве молам одете си.

(Харуни ја напушта говорницата).

Ако и после ова последна опомена има начин, Деловникот предвидува ако некој го нарушува редот во Собранието ќе биде отстранет и од салата. Да не го применувам тој термин, Ве молам, одете, кога ќе добиете збор тогаш.

Ве молам одете си од говорницата после Столе Попов имате збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Треба вас да ве отстранат. (На говорница излегува и пратеникот Насер Зибери но е вратен од група пратеници да си седне на место).

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Сакам прво да му заблагодарам на г-динот Харуни затоа што на крајот бев навистина уплашен дека нема да ме спомне, меѓутоа, сепак не издржа, врти сучи, пак ме спомна некако, па ми даде можност еве да му одговорам.

Господинот Харуни ме спомна во некој контекст дека сум одржал патетичен говор. Мислам, јас не можам да го разберам точно што мисли затоа што мислам дека мојот говор не беше воопшто патетичен, туку беше аргументиран.

Сега би спротивставил некои аргументи кои мислам дека недостасуваат во експликацијата на г-динот Харуни, затоа што повторно се сака на некој начин да се фалсификува или дас се направи заблуда со дел од историјата на македонската држава и така се пласираат разни наводни факти кои не се издржани и сега би сакал да се навратам точно на еден дел од неговото излагање.

Меѓу другото во претходните дискусии слушавме дека се сакаше да се употреби Манифестот - Крушевски и Манифестот на АСН0М,за да се најде оправдание, значи како некаква си аргументација за да се најде оправдание за бришење на македонскиот народ од Уставот и бидјеќи г-дата видоа изгледа дека тука не поминаа баш најславно затоа што немаа аргументација, сега се навратија на таканаречениот контроверзен Устав од 1974 година, значи и Уставот на СФРЈ и како дел од тој Устав - Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Мислам дека повторно се сака да се сее магла иако како што и господинот Котевски рече тешко е да се прави паралалела помеѓу два устава во комплетно два различни општествено-политички системи, меѓутоа, мислам и тука може да се изведе една паралела која воопшто не би одела во прилог на изнесените тези на г-динот Харуни.

Прво, г-динот Харуни рече дека дури чувствуваат жал затоа што мислат дека и со една ваква промена на Уставот не ќе можат да го достигнат нивото на потребни граѓански слободи кои биле зацртани во Уставот од 1е74 година. Значи, се работи за Устав во СРМ, значи во комунистичкиот режим.

Епа, сега г-дине Харуни сакам и тоа да Ви го прочитам како изгледа општата одредба глава I од Уставот од 1974 година на кој толку се повикувате и мислите дека тој ви дава право да го барате она што немате право да го барате.

Вака гласи: Член 1 "Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ", еве го спорното "и држава на албанската и турската народност во неа, заснована врз суверeноста на народот", пазете на народот не на народностите "и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните на македонскиот народ и рамноправните со него албанска и турска народност".

Значи, како што гледате ни овде немате право и ако мислите дека со вашите блефови за дисолуцијата на Југославија и со наследеното право што го црпите веројатно од автономијата на Косово, можете да се налепите на македонската стварност, навистина грешите и немате аргумент. Друга работа што има македонски политичари кои кога ќе им спомнете, вака ќе им фрлите магла во очи без резервно примаат наводна аргументација, па си дозволуваат како г-динот Црвенковски да каже дека ете видел некоја основа во Манифестот Крушевскиот и манифестот на АСНОМ за вакви барања кои ги изнесувате. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам јас што го запазивте времето.

Има збор г-динот Харуни. Ве молам, доследно го држам редот секој има право на пет минути и тоа ќе го почитувам од прв до последен Реплика на кого? А, на Столе Попов.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам право на три реплики по пет минути тоа се 15 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имате пет минути и толку.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Како мене пет минути една реплика на г-динот, па втора реплика на другарот,Столе Попов што ме спомнува е третиот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говори.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Потпретседател на АСНОМ беше Неџат Аголи. Господине Чедо Петров навистина беше еден борец на антифашистичките сили на времето. По ослободувањето човекот враќајќи се од Белград, симнат во Горче Петров 1948 година, награден со смртна казна, потоа неговиот брат Кемал Аголи, однесен на Голи Оток и пуштен 190 година. Затоа барате статусква да не бидат расветлени ситуациите и состојбите кога ние удривме темели на нова демократска Македонија.

Господине Столе Попов јас и денеска имам шанса да ви реплицирам вие прво и прво, во вашиот патетичен говор, тоа беше среда, бевте експлицитен дека мала миса во Матејче се одржа под окупација. Незнам дали ви е познато терминот "окупација", да се изјасните на говорница бидејќи ве викам. Окупација е надворешна агресија. Но, зошто вие немавте доблест да кажете дека во Матејче имате само 13 граѓани во тоа село. Манастирот не гребнат, а спроти манастирот џамијата беше преполовена и тоа под окупација, а нивното светилиште срушено.

Јас барам да ми одговорите под чија окупација беше Матејче, Липково, Слупчане, Ваксинце, Руница, Лукаре, Оризаре, и други села на тоа кумановско подрачје. Кој окупатор по ваше и плус тоа дали окупаторите семејството Зумери девет члена меѓу кои едно шест годишно девојче беше убиено, дали деветте жртви на семејството Зумери, беа жртва на окупаторот или на државниот терор?

Тој злостор г-дине Столе Попов, кој го направи, кој уште не одговара пред правдината.

Не сакам да реплицирам повеќе г-дине Столе Попов сонот на албанците додека македонскиот режим и македонските институции беа будни тој сон е одминат, а уште повеќе сонот на албанците не зависи веќе од сонот што г-динот Столе Попов го има.Барате статусква и не промена на Уставот затоа што во Репуб-лика Македонија на двата у ниверзитети откако се засновани само 433 студенти имаат дипломирано од 1946 година, подастоците се од 1990 го-дина. Наспроти 26 илјади 317 дипломирани Македонци.

Одиме понатаму. Колку што ми е познато во март месец Собранието на Република Македонија расправајќи по безбедносно политичката состојба во Република Македонија донесе заклучоци, земете ги тие зак-лучоци и читајте еден по еден...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Г-дине Харуни, заврши репликата на Столе Попов, ке ве молам да не применувате насилие, седум минути говорите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:

Имам 15 минути за реплика,..

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам ако навистина вака продолжите навистина сте демократ.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Читајте ги тие заклучоци на Собранието на РМ, јас ќе се согласам доколку албанците востаници беа именувани како терористи.Јас ќе се согласам доколку беше така. Вие и одлука на Законодавниот дом и заклучоците на Законодавниот дом не почитувате. Затоа не сакате промени и барате статусквo. Одиме понатаму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Харуни осмата минута помина вие на Столе Попов му одговарате, вие ќе си определите време во пет минути да му одговорите, а не понатаму да држите говори.Ова се однесува на Столе Попов. Веќе 7 минути говори.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа јас ќе прекинам со реплики, не дека не сум во состојба да реплицирам, меѓутоа говорницата се злоупотребува од Томе Далавера,од Томе Далавера затоа што тој нема храброст да се соочи не само со факти, не само со реалноста, туку и натаму сака хаос во Собранието на РМ. Јас жалам. На секого по пет минути, а четворица досега реплицираа, мене најмалку 15 до 20 минути ми треба. Јас протестирам и го напуштам Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, Вангел Симев, па Александар Флоровски.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вие, кога ќе соберете ум бидете сите на собир, па потоа викнете не нас да одлучуваме за Предлог одлуката за референдум. Се доде-ка не сте на окуп тука да се изјасните, ние нема што да правиме овде. Како сакате наречете не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, држам ред за секого.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, имавме можност од г-динот Харуни да слушнеме се и сешто, а најмалку да ги брани македонските државни интереси, за што има должност и обврска да ги штити исклучиво македонските интереси, а не да зборува против македонските интереси.

Ке тргнам од неговите зборови Македонија и македонски пратеници мислат дека е ова "Алајбегова слама". Точно г-дине Харуни Македонија не е "Алајбегова слама", Македонија е суверена држава и унитарна држава со македонски народ и во Македонија, ќе ги повторам вашите зборови кои ги искажавте дека Македонија може да биде држава на албанскиот и на македонскиот народ. Не господине Харуни, Македонија е држава на Македонскиот народ и сите малцинства кои живеат во Македонија. Во Македонија не живее само албанско малцинство, напротив албанското малцинство најмалку му е лојално на македонскиот народ и на македонската држава. Сите други малцинства се многу лојални на оваа македонска држава и на македонскито народ. Тоа з начи дека во Македонија сите малцински права ги уживаат и другите малцинства, кои не смеете да ги занемарите и должни сте да ги почитувате и да ги браните нивните интереси, како што е ромското малцинство, српското малцинство, влашкото малцинство, турското малцинство и други малцинства, ако има.

Господине Харуни има два вида на малцинства. Малцинство кое живее на етничките историски простори и тоа може да бара да се нарече народ. тао може да го бараат македонците во соседните земји каде што со векови живеат, а вие сте малцинство дојдени на овие простори за парче леб и за подобар живот и немате право да барате да се нарекувате народ. Со тоа ги рушите не само државните интереси, туку го ру-шите и територијалниот интегритет на државата, а тоа дека го рушите територијалниот интегритет на државата доволно зборува податокот дека сакате да ги решавате проблемите со оружје во рака.

Какви се тие човекови права да се бараат со оружје, а згора на сето тоа да се врши егзодус на народот не виден во историјата досега во своја држава да се врши егзодус

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вангел, ти поминаа петте минути.

Прво Столе Попов, па Александар Флоровски.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Иако навистина ми е криво дека г-динот Харуни ја напушти салата, стана, сепак морам да му реплицирам, веројатно на телевизорот ќе слуша, а колку што гледам и г-динот Зибери кој се подготвуваше за реплика исто напушти, сакам само да одговорам конкретно.

Г-динот Харуни ме прашања директно да му одговорам за каква окупација сум мислел во с.Матејче. Многу децидно тогаш кажав дека, во с.Матејчесе одржа

богослужба под кордон на терористи, а сега кже кажам на терористи и екстремистички банди и натрапници, тоа го цитирам Робертсон. Значи и натрапници. Тој термин навистина не можеше да ми текне на времето да го употребам јас како дефиниција, меѓутоа г-динот Робертсон го употреби во една од своите изјави и ги рече точно така, мислам банди и натрапници.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мислам дека нема потреба понатаму што да кажувам за тој настан, освен дека навистина, е несфатливо луѓето од своите домови да организираат конвој и како туристи да одат да ги посетуваат своите огништа. Тотален аспурд.

Инаку, тој реч.е дека имало некакви сонувачи. Незнам на кои сонувачи помисли господинот Харуни. Мислејќи на мене, јас мислам обратно. Целата приказна и, би рекол целата трагична димезија и на Балканот, а и посебно сега во Македонија, е точно приказна на сонувачи и олеснувачи. Меѓутоа, олеснувачите, како што оди време, се повеќе и повеќе сфаќаат дека сонот на сонувачите станува се поморбиден. И, ми се чини дека ќе има и тоа разрешување.

Друго, ми сакал само уште да го потсетам за претходната дискусија, кога рече дека жали за 1974 година за Уставот. Би сакал да го прашам господинот Харуни дали жали за дефиницијата на Македонија како национална држава на Македонскиот народ? А ако се зборува, а тие сакаат да наметнат теза на некој си помодерен европски концепт, тогаш во едни други општествено-политички услови, на друг политички систем, на демократски систем, Македонија, Македонскиот народ, Македонските граѓани ја имаат доблеста по Уставот од 1991 година да ја дефинираат државата како граѓанска и демократска држава на рамноправни и солидарни граѓани. Значи, да ја дефинираат државата како граѓанска. Сега, господинот ни кажува дека жали за 1974 година, дека требала да биде, значи, национална држава на Македонскиот народ. Зошто, затоа што се спомнува држава на народности. Мислам, навистина не мо-жам да им ја разберам' ниту логиката, ниту контеплативноста во нивниот процес на аргументација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да расчистиме некои работи, веднаш во стартот. Лошо е кога се пласираат информации и албанскиот електорат, претпоставувам тоа што албанските пратеници ќе го кажат треба да го прифатат како здраво за готово. Апсолутно, она што беше искажано од господинот Харуни не се совпаѓа со фактите што се случуваа во времето на едноумието. Спомнувајќи две личности овде Неџат Аголи и неговиот брат Ќемал Аголи, заборавајќи при тоа дека низа на македонци во тој период од 1945 година па до 1990 година завршија по затворите низ Југославија. За едниот е спомнато дека е симнат во Ѓорче, апсен, осуден на смрт, во тој контекс само би спомнал каква е судбината на Ченто, Панко Брашнаров, Павел Шатев и илјадници македонци кои на таа македонска кауза завршија на Голи оток и затворите во Идризово и горе во Преспа.

Значи, споредбата т.е. дека врз алабнците во тој период се прави геноцид апсолутно не држи. Најмалку ако настрадале во тој период се албанците. Македонците настрадаа и за самостојна македонска држава и за колективизацијата и за идејата на ВМРО, кога огромен број на македонци завршија по затворите и воопшто не излегоа.

Веднаш да расчистиме дека таква работа немаше, дека колективизацијата воопшто не ги опфати албанците. Македонците ги направи селани без земја. Тоа е факт. Од самите македонски држави, од власта што владееше од 1945 до 1990 година. Значи, тие ако паднаа, паднаа како жртви на едноумието.

Терминот "албански востаници", каде воопшто се спомнува освен овде во македонското Собрание? Јас не познавам ниету еден сериозен политичар кој се држи до тој термин. И, како таков се прифаќа. Да не кажам како излитен, како несоодветен, затоа што многу криминални групации се придружија поради сосема други работи. Тоа албанските пратеници многу подобро од мене го знаат. Крајната цел им е сосема друга.

Личен профит, пред се. Мораме и за тоа да говориме. Користејќи една идеја во своја лична полза.

Џамијата во Матејче срушена, манастирот не е чепнат. А иконите, Диеко Армандо, Марадона, само ќе ве потсетам и она што го цртаа и она што се случуваше внатре. Не треба да се правиме многу наивни, затоа што очигледно се гледа, се случувало пред малите екрани овде го гледавме тоа.

Под чива окупација бела кумановските села? Па, претпоставувам дека не беа во власт на македонската полиција и

војска. Можеби на албанските ловџии свадбари. Еден нов термин кој портпаролот на НАТО Марк Лејти секојдневно ни одговара дека пукањата во тетовско се од ловџии. Божем Македонија е ветена земја за сафари. Не знам што ловат горе? Претпоставувам дека не се ловат самите меѓу себе си, поради лични профити. А, синојќа имавме една голема свадба со масовен напад на полицискиот пункт во Жичарево во Тетово. Да, тоа е мој термин. Како таков имате дозвола да го употребувате. Значи, вчера во Тетово имавме свадба.

Како препорака до портпаролот на НАТО, до господинот Лејти дека еве, да се воведе нов термин, покрај ловџии имаме и свадбари. Една поголема група на луѓе која ќе тргне малку на лов, нели, прет-ставува своевидна свадба, за ловецот, не за ловениот.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Благодарам господине потпретседателе.

Навистина, не можам да реплицирам на некои искажувања на претходниот говорник...

(Пратеникот Мевљан Таири бара да биде запишан како нареден за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Прангоски повелете, говорете.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

И покрај добрата волја и желба Собранието да има соодветна атмосфера, очигледно дека се настојува по секоја цена да се наруши дигнитетот на Собранието, на говорниците, на репликантите. Меѓутоа, морам да реплицирам со неколку искажани тези и невистини, па дури и со ризикот да бидам сфатен од некои мои сопартијци не, туку од друга-та партија, од СДСМ, повторно как квазипатриот.

Прво, најпрво е кажано со голема доза на иронија дека, бидејќи ќе биде македонскиот народ и албанскиот народ во Република Македонија...

(Реакции и дофрлања од место, а потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, дозволувам секому да говори, извинете господине Прангоски, користејќи ја уставната одредба да пратеник може да говори. Не сопирам никого, нека види што му е култура и разбирање.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Треба да се разбереме еднаш за секогаш, изгледа потешко се разбираат работите. А, тогаш кога конечно ќе сфатиме, може да биде доцна. Жал ми е што некои колеги се спротивставуваат, иако никого директно не напаѓам, освен што сакам да реплицирам за следниве работи:

Треба да се разбере и да се знае дека еден народ на Балканот, било каде во Светот, може да биде конститутивен народ само во една држава. Друг пример, друг случај не постои во светот. Не постоел никогаш и не верувам дека ќе постои. Не може еден народ да биде конститутивен народ или чинител во три или две држави. Тоа е според сите мегународни права, според сите кажете ги европски и светски стандарди и државни искуства.

Ако некој има претензии оваа држава да биде држава на два народи, како што има претходно, треба да го каже тоа отворено, јавно и да не си играме овде мајтап со нас и со граѓаните на Република Македонија.

Второ, ако некој се повикува на втохтоноста на албанците во Македонија, јас ќе покажам документ што го имам овде, со кој што се докажува дека според пописите, на тогашна територија на Македонија под турска окупација, 1582 година, барем во делот за кој што имам податоци за срушкиот регион, нема регистрирано никаде жители албанци, ниту како албанци, освен регистрирани се како муслимани и тоа: куќи во Загорчани пет,; жители 28; Делогожде пет куќи, жители 28.

Да ви ги читам во споредба со христијанските куќи ќе ве заболи глава. Така што ова ви е достапно, ќе ви го дадам ако скате да не продуцираме едно страшно лицемерие што може да не однесе во уште полоши состојби.

Терминот "востаници" се употребува само во извештаите од СНН и од ББС и во некои други платени медиуми. Ако албанските терористи се востаници и ако колегите пратеници албанци во овој македонски Парламент се застапници на нивните интереси, тогаш треба јавно да излезат и да кажат ова не се терористи, ова не се вооружени групи албански екстремисти, како што ги крстивеме и како што гиословивме на 17 март истата оваа година, туку да кажат дека се работи за вооружено востание во Република Македонија заради незадоволство на

албанците или албанскиот народ од репресијата и диктатурата што ја спроведува државата Македонија кон нив. Треба да бидеме јасни еднаш во некои работи, бидејќи лицемериeто нема крај. Кога ќе почне и кога ќе продолжи да биде стил на работа, дури и во политиката ќе не однесе во уште полоши и полоши води.

Инаку, завршувам, да ви кажам, да не беше говорот на господинот Столе Попов немаше да се јавам за оваа реплика. Неговиот говор ми даде повторно мотив и волја да се почувствувам овде како еден од македонските пратеници. Колку некому тоа му пречи, тоа е негов проблем, решив да се јавам за реплика.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине потпретседателе немав намера апсолутно да се вклучам во дискусија што се одвива во денешниов ден, меѓутоа, слушајќи ги разните теории што се нафрлаат овде од разни дискутанти не можам да останам индиферентен, а да не кажам нешто спротивно од тоа што се искажува овде.

Прво, по однос на статусот на алабнците во Република Македонија, незнам уште колку пати треба да се повтори дека албанците не го прифаќаат статусот на малцинство во Република Македонија. Многу добро знаеме дека сме помалку од македонското население во Република Македонија и тој факт ние го знаме и го прифаќаме како таков. Но, статусот на една етничка групација, едне етнички колективитет не зависи само од бројчаноста на таа групација, туку многу повеќе и од самата волја на таа групација да ужива одреден статус во одредена држава. Албнанците во Република Македонија никогаш не го прифаќале статусот на малцинство. Затоа што под статусот на малцинство, за жал, барем овде на Балканот се подразбира еден инфериорен статус на одредена етничка група. Таков инфериорен статус албанците ниту чувствуваат ниту прифаќаат во Република Македонија. Затоа инсистираме на потполна рамноправност и на ист третман на албанците, како и на секој друг граѓанин во Република Македонија.

По однос на тоа се и нашите заложби да ги уживаме истите права во Република Македонија како и другите. Било кој обид да се наметне на албанците инфериорен статус во Република Македонија, секогаш ќе наидува на одбивање. Тоа е првото.

По однос на улогата на албанците во формирањето на самата македонска држава, изгледа дека е неминовно неколку пати да се повтори дека и албанците имале значителна улога во самото формирање, почнувајќи од Крушевската Република преку АСНОМ, па до денешните денови. За жал, некои разидувања што постоеле помеѓу македонците и албанците, пред се се однесувале на таа желба за доминација над албанскиот етникум кој што, се разбира, секогаш наидувале на неодобрување од албанскиот народ во Република Македонија.

За самата улога на албанците во формирањето на државата сведочи и фактот покрај Прогласот што е даден, во кој се повикуваат и албанците да учествуваат во Илинденското Востание, односно во Крушевската Република и самиот факт што во Собранието, што произлегло од тоа востание имало 20 албанци, 20 македонци и 20 власи. Самиот тој факт доволно кажува а од тоа Собрание произлегла и Влада што броела 6 министри од кои двајца албанци, двајца власи и двајца македонци.

Мислам дека овие факти се непобитни и никој не може да ги оповргне по однос на улогата на албанците во формирањето на македонската држава. Исто така и улогата на албанците во текот на НОВ, како што крстена е непобитна. Во Република Македонија делувале одреди на албанците, албански бригади кои имале значителна улога, дури едната од нив е испратена и на Сремскиот Фронт како најжежок фронт каде ги оставиле своите коски и каде е пролена токму крвта на албанците како најжесток фронт кој постоел во историјата на балканските војни.

**МЕВЉАН ТАИРИ: (Продолжение)**

Би завршил со следното. Со самиот тек на формирање на модерната македонска држава, албанците имале непобитна улога. И покрај недоразбирањата, сепак не покажувале некоја одбојност кон напорите за конституирање на македонската држава.

По однос на третиот дискутант кој се обидува, сепак неуспешно, да дојде до констатација дека единствениот народ кој заслужува да биде конститутивен е македонскиот народ, апсолутно не држат таквите факти, затоа што и самиот во својот настап, обидувајќи се да ги искористи некои историски факти до кои дошол, односно пописите на населението од некое

турско време, доаѓа до констатација за албанците и муслиманите, за некои бројки околу нив, без да каже дека под христијанско население не може да се подразбираат само македонците, во тоа време. Апсолутно, непобитен факт е дека во тоа време голем дел од населението од христијанска вероисповест имало и од албанска етничка припадност. На крајот на краиштата јас тоа ќе го оставам за наредниот пат, кога ќе Се јавам, да дојдам до Некои други податоци кои говорат за одредени, но верски, затоа што тоа што го кажавте вие се верски пописи, пописи на населението по однос на христијани и муслимани. Јас тогаш ќе ви донесам некои други.........................................................

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам ви измина времето за реплика.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Да, ама на тројца дискутанти реплицирам. Но, добро ќе завршам.

Мислам ддка овие податоци што се изнесуваат тука апсолутно се извлечени од контекст. Се користат некои податоци што се од едно време кое е доста замаглено и никако не може да даде некоја јасна слика на односите кои владееле во одредено време.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Жалам во салава не е господинот Харуни за да му реплицирам. Но, ќе си го задржам правото. Мевљан повикува на него да му реплицирам. Но, добро.

Нема да зборувам за елементарните права на албанците и македонците, за државниот тероризам, за правата, за рамноправноста, за човековите права. Јас ќе кажам нешто друго.

Замолен сум од група родители на тие 14 или 15 киднапирани луѓе. Велат, како вие, македонските пратеници на Парламент разговарате и не поставувате ни еден ултиматума за да можат да се вратат нашите 15 браќа, татковци, дедовци. Затоа што ние во овој момент имаме киднапирани луѓе. Безпредметно е ние сега тука да дискутираме. Овде зборуваме за некои човекови права. За кои права ние дискутираме.

Она што мене ме провоцираше беше баш тоа што господинот Харуни вика, вие македонските пратеници немате ум. Точно е, немаме ум, затоа што додека им требаше кворум за изгласување на овие амандмани, тогаш имаше кворум. Сега не е интересна иницијативата за референдум и нема кворум. Затоа мислам малку и македонските пратеници треба да размислат со своите глави. Ако нема сега кворум, да нема кворум и на 4 и 5 кога ќе се расправа за амандманите, па да видиме какво ќе биде собирањето, ќе видите како ќе трчаат, ќе се молат, па ќе доаѓаат Пердови, Леотар или незнам кој, олеснувачи или циркузанти, па ќе не молат и ќе видиме како ќе биде. Собранието го направивме навистина циркус и им досадивме на граѓаните.

Ова што Ме замолија многу граѓани, велат, дајте, замолете ги колегите од СДСМ. Нека прекинат сите со дискусија и Нека се изгласа ова во Парламентот, иницијативата за референдумот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувана господо,

Несакам да се сватиме пгорешно, мораме да укажеме на одредени факти. Намерата не е сега, едни преку други, едни на други на укажуваме, па служејќи се и со одредени невистини, или со одреден инедоречености, да бидеме погрешно разбрани.

Господинот Аголи 1948 година, како и мнгоу Македонци, настрада со Информбирото. Значи, не зборуваме деак тој како Албанец, бидејќи беше потенцирано, или уште на една нишка, да се сфати дека тој како Албанец од македонските сили, или тогашни политички структури, е ликвидиран. Не. Тој како човек кој што има сопствени убедувања, не како Албанец, рамноправен на сите останати кои биле македонци, кои исто така настрадаа по прашањето на ИБ.

Сакам да потенцирам и за застапеноста на албанците во структурите на државата: Парламентот 25 пратеници, Влада на Република Македонија исто така. Во претходниот период Вулнет Старова, е два мандати претседател на Собранието на Република Македонија. Значи, не зборуваме за омраза и незнам што сака да се протестира од одредени пратеници.

Секоја чест на сите албанци кои имаат чесни намери кон Република Македонија. Меѓутоа, манипулацијата од страна на одредени структури, па вклучени па дури и во политичкиот живот на Република Македонија, доведе до овој страшен раскол за што навистина треба многу мудрост и многу време и трпение сите заедно да го надминеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува господинот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Потпретседателе, според Деловникот треба да имаме кворум. Бидејќи немаме кворум предлагам да ја прекинеме седницата или да обезбедите кворум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се согласувам со тоа. Мислите дека јас не гледам. Сакам да бидеме продуктивни. Луѓето кои седат надвор пред салата, овде во холите, ако дојдат добро, ако не, јас ќе ја прекинам седницата. Седат пратениците надвор во холовите. Можеби навистина им е досадно, јас ги разбирам, им е досадно овде, но тие седат надвор во холот.

Ве молам да прекинеме со реплики. Дајте да ислушаме уште еден дискутант па можеме да прекинеме.

Сепак се јави за реплика господинот Мевљан Таири.

Господине Таири, да не испадне тоа дека имате дежурен пратеник кој само ќе прави кавги.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Потпретседателе, беа искажани одредени ставови за кои осеќам потреба дека треба да се одговори.

Прво, по однос на тоа што беше кажано од страна на господинот Слободан Даневски.

Јас се приклучувам кон неговото барање да се најде начин да се ослободат, или да се дознае судбината на тие 14 исчезнати лица. Но, исто така барам да ме подржите, сите заедно, да побараме од властите да се разјасни судбината на многуте албанци што се држат во затворите и притворите, под неразјаснети услови, меѓу нив и двајца малолетници во Шутка, од Љуботен, за кои барам веднаш да се тргнат од местото каде што се, со возрасните и да се одведат на соодветно место, ако веќе постои основано сомневање за нив.

По однос на политичките манипулции кои беа спомнати од господинот Чедо Петров, наводно од албанците, дека тие биле криви, односно вината за целата оваа состојба, според него е на албанските политичари, поради тоа што тие вешто манипулираат со албанскиот народ во Република Македонија и доаѓа до оваа ситуација која ја имаме. Мислам дека е токму обратното, манипулацијата на неодговорните македонски политичари во кои ве вбројувам и вас лично, со вашата пратеничка група, кои што еве веќе седми или осми ден го малтретираат народот, ментално тероризирајќи го со овој референдум, кој само ја продолжува агонијата во која сите заедно сме падналe. Токму политичката манипулација на одредени структури од македонскиот естаблиштмент во минатото доведе до тие сосотојби. Неколку работи за кои албанците и македонците се договараа и постигнуваа одредени договори, како што беше Педагошката академија и редица други права по однос на образованието на албански јазик, по однос на медиумите, по однос на вработувањето на албанците во државната администрација и редица други прашања, токму поради вакви манипулции од одредени структури на режимот, доведоа до ова незадоволство што, по се изгледа владееше во поголемиот дел од албанското население и кое ги предизвика овие состојби кои ги имаме. Доколку сакаме реално да ги согледаме работите, мораме да прифатиме дека состојбите не биле розови, дека голем дел од вината сносите и вие самите кои сте биле учесници во ваквите политички манипулации и дека сите заедно треба д вложиме голем труд за да ги наднинеме. Една од тие работи кои треба да ги направиме е час поскоро да го изгласаме Охридскиот договор и тоа што е предвидено со Охридскиот договор за да може понатаму полека, но сигурно да се навлезе во помирни води во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ако продолжиме вака, незнам до каде ќе стигнеме.

Чедо, те молам ова ќе оди до бескрајност.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, и како предлагач, а и по име и презиме бев спомнат од претходниот дискутант.

Се сака да се скрати секаква дискусија која не одговара на одредени структури не велам само на албанските и дел на македонските структури. Ова прашање за кое што и во претходната дискусија реков дека навистина заслужува да се дискутира, конструктивно да се разговара за да можеме да ги надминеме проблемите што ги имаме во Република Македонија.

Почитувана годсподо, во еден од говорите на некој од странските делегации кои доаѓаше беше речено дека англичаните би биле многу среќни, кога ИРА би почнала да дава оружје. Понатаму ЕТА да враќа оружје, исто така Шпанците би биле многу среќни.

Ако Англичаните прифатат вакво нешто што прифатија нашите претставници, со Рамковниот договор во Охрид, најверојатно и ИРА ќе отпочне со враќањето на оружјето таму. Ако исто така во Шпанија шпанците ги прифатат воглавном барањата што се од страна на претставниците на ЕТА, исто така и тие се согласни да го вратат оружјето.

Почитувана господо. Со овие дискусии полека но сигурно се доаѓа до тоа дека во голем дел политичката подршка што ја имаат терористите кои ја отпочнаа оваа војна, ја имаат од дел од политичките структури кои учествуваат и денес во политичкиот живот на Република Македонија.

Меѓутоа, само во едно се согласувам со господинот Таири, а тоа е дека не можеме да ја избегнеме и историјата, ќе разговараме за неа, меѓутоа, треба да седнеме и да се договориме како понатаму, доколку можеме заедно, а верувам дека можеме. Но, со вакви навреди и обвинувања мислам дека нема да постигнеме нешто посебно. Затоа, ова ќе биде последна реплика, барем за денес, повикувам на дискусии кои ќе бидат конструктивни, за кои ќе можем да разговараме и да се држиме до темата - Иницијатива за одржување на рефрендум во Република Македонија во кој граѓаните на најдемократски начин ќе се изјаснат по даденото прашање.

Не можам да сфатам, да се осудува иницијатива за референдум, а да не се осудуваат воени дејствија во Република Македонија и да се укажува дека со силата на оружјето ние ќе дојдеме до траен мир. Такви тези има и меѓу македонското население кои велат, до мир се доаѓа преку војна. Тогаш, каде ќе ни биде крајот на сите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ве молам, да престанеме со репликите.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине Петров, ја спомнавте ИРА, Ирска, Британија и Шпанија, односно ЕТА и Баските. Таму сосема други војни се водат.

Зошто не се полага одружјето од страна на ЕТА и од страна на ИРА?

И покрај тоа што е постигнат договор меѓу политичките елити, во Баскија, ЕТА не го полага своето оружје, затоа што се бори за отцепување и за независност.

Во Ирска исто така ИРА не го полага оружјето односно тој екстремен дел од ИРА, затоа што сака издвојување од британската империја, односно Кралството. Во случајот, мислам, апсолутно не држат споредбите кои се прават помеѓу тие два случаи и востаниците на ОНА, затоа што тие го прифаќаат Мировниот договор, ја прифаќаат целовитоста на територијата на Република Македонија и суверенитетот на Република Македонија и апсолутно само бараа имплементаицја на Мировниот договор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, не употребувајте мировни договори.

Разговараме за Рамковен договор.

Има збор Александар Трповски.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, Во врска со оваа точка деновиве имаше доста дискусии овде во Парламентот и многу изјави во медиумите. Се искажаа многу квалификации и оценки дека референдумот во најмала рака е крајно штетна појава која ќе придонесе војната повторно да се разгори. Можам да ги разберам, но не можам да ги оправдам пратениците што се по потекло етнички албанци, кога викаат дека тоа што е договорено во Охрид е света работа и ако тоа што во Охрид е договорено, ние овде во Собранието не го прифатиме, повторно би имало војна. Меѓутоа, не можам да ги разберам, а уште помалку да ги оправдам ставовите на пратениците од СДСМ кои без поговорно се согласуваат со се што во Охрид им е понудено, на начин земи или остави. Во Охрид разговараа четворица лидери, на исто толку легитимни политичипартии, од кои две албански и две македонски.

Зошто Меѓународната заедница го избра овој модел на политички договор?

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ**: (продолжение)

Дали е тој најефикасниот модел. Ако е најефикасниот и наприкладниот дали во исто време е и најдемократскиот. Дали воопшто е демократски модел. И кога не би го оспорувал овој модел на преговори на многу точки на кои покажува неотпорност. Можно ли е во него да не е вграден механизам за корекција. Етничките албанци и нивните партии денеска тврдо стојат на позициите дека сето тоа што е договорено во Охрид, од буква до запирка мора да се почитува. Јас не мислам така. Во една демократска држава со легални институции секој договор што подлежи на собраниска процедура има шанси да доживее и корекции. Ако тоа може да биде случај со било кој договор за царински олеснувања со некои соседни држави зошто да не биде подложен на корекции овој договор кој има судбинско значење за државата и Македонската нација.

Од друга страна јасно е дека етничките Албанци спроведуваат стратегија која досега им даваше резултат. Јасно е дека таа стратегија не е веќе тајна и дека на сите нас добро ни е позната. Исто така за жал на сите нас ни е јасно дека таа стратегија доби легален статус и заштита од Меѓународната заедница во оној момент кога таа иста Меѓународна заедница заштитнички се постави во улога на посредник и олеснувач во охридските преговори.Таа нивна стратегија не е ништо друго туку со примена на сила, терот, заплашување и уцена да се додје до целта која се вика укинување на унитарниот карактер на РМ и нејзиното територијално раситнвување се до нејзината дефинитивна поделба.

Не повторлив преседан во меѓународните односи е една терористичка банда составена од криминалци, убијци, мухаџедини да крене оружје на легалните органи на една меѓународно призанта држава и од неа да побара, се разбира со оружје промени на Уставот. И тоа замислите до степен на крајно понижување, до степен кој значи бришење на Македонскиот народ како мнозински народ од Уставот. Бришење на народот кој ја создал таа држава и бришење на Црквата која го одржала тој ист народ низ вековите на силна асимилација и одродување. Тоа е преседан на кој Запад му дава право на легитимитет под фирмата на загрозени човекови права. Значи, албанските терористи се во спрега со партиите на Џафери, Имери и за своите цели. Заеднички се борат на два фронта.

Едниот фронт е лоциран во институциите на системот, значи во Владата каде што има министри, заменици, државни секретари и тн. Во Собранието каде што има пратеници, во дипломатијата каде што имаат свои амбасадори , преку јавноста каде што имаат свои приватни медиуми, или пак претставниците во државните медиуми и преку меѓународните институции, каде што замислете која иронија , легално ја застапуваат државата против која и што се борат, со еден збор на сите можни легални начини и со легални средства.

Вториот фронт е на бојното поле, но и со поддршка на нелегалните екстремистички организации на Запад од каде се дистрибутираат големи финансиски средства и друг вид на лобистика. Со добро вооружена војска која располага со оружје од третата генерација, значи најмодерно, барем така пишуваат западните медиуми и составена од борци на Косовскиот заштитен корпус, од платеници од поранешните балкански боишта, од муџахедините и од домашни приврзаници. Со еден збор ако сумираме имаме наспроти себе непријател кој е организиран на добар можен начин, непријател кој ја проучил на надобар начин нашата институционална, политичка, економска, воена, безбедносна и метална неотпорност на едно добро организиран радикален упад врз позициите на нашата државност. Врз тие добро проучени и подготвени планови се преземени акциите кои следуваат после Танушевци. Факт е дека ние сето тоа го дочекавме катастрофално неподготвени, но тоа е тема која бара многу подлабока и потемелна анализа одколкусум јас или било кој овде подготвен да понудам. Што да правиме сега, кои се нашите опции? Да се согласиме со она што нашите претставници во Охрид под жесток притисок на Меѓународната заедница го потпишаа, или пак бидејќи ги браниме историските придобивки на Македонскиот народ да се потрудиме да спасиме барем дел од она што е цел на заедничката агресија на терористите на Али Ахмети и политичките партии на Џафери и Имери.

Јас лично сум за втората опција. Таа го подразбира следното.

Нашите барања треба да бидат насочени кон тоа да се отфрлат амандманите 4, 7 и 18 кои се однесуваат на преамбулата, положбата на Макеоднската православна црква и механизмот за промена на Уставот. Со тоа на извесен начин не велам целосно, но сепак колку толку ќе бидат елиминирани причините за незадоволството во делот од Македонската јавност .                Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Г. Гаџовски.

**ВАСИЛ ГАЏОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и г-да пратеници,

Од оваа говорница се обраќам на Македонскиот народ и на граѓаните кои што живеат во РМ.

Унапредувањето на демократските процеси и постигнвуањето на подобри резултати во демократската изградба на РМ во новиот милениум може да се остварат на повеќе начини и во повеќе насоки.

Прво, мобилизирање на јавното мислење како најзначаен фактор на парламентарната демократија.

Второ, само јавноста како колективна акција може да го запре самоволието и арогантното однесување на државните органи.

Парламентарната демократија почива врз слободниот граѓанин кој мисли со сопствена глава и кој од едни до други парламентарни избори го менува сопственото мислење. Парламентарната демократија е владеење на јавното мислење, а не неприкосновено владеење на државните органи.

Второто е зацврстено во свеста на владеачките елити во Македонија. Ние пратениците треба да бидеме свесни дека мандатот ни го даде народот односно избирачите, па според тоа треба да се слушне и мислењето во врска со измените на Уставот што единствено може да се направи преку референдум.

Како посебна владеачка елита очигледно е однесувањето на

Г. Бранко Црвенковски кој како да заборава дека живееме во парламентарна демократија каде што во центарот на демократското политичко владеење се наоѓа волјата на народот и граѓаните во РМ. На тоа посебно ќе ја потсетам македонската јавност и политичарите кои што седат во овие клупи дека се плашат од гласот на народот и од вистината на народот за нивното демократско изразување по пат на референдум. Потсетувам дека во овој Парламент беше донесен посебен закон за референдум и граѓанска иницијатива во 1998 година. Ние сме должни како пратеници на овој парламентарен дом да го почитуваме суверенитетот и волјата на граѓаните на РМ затоа што референдумот е уставна гаранција и неотуѓиво право на секој граѓанин во РМ. По пат на референдумско изјаснување да го даде своето мислење за иднината на својата држава. Имено, во член 68 од Уставот на РМ Собранието т.е. овој наш највисок законодавен дом го распишува референдумот на тој начин што на граѓаните им се дава граѓанско и уставно право да се изјаснат лично и со ова демократско средство предвидено во уставите на секоја демократска земја, па и во нашиот Устав.

Како пратеник избран од народот и од сите граѓани во мојата изборна единица до Скопје, поточно "Карпуш" неможам моите избирачи да ги оставам неми, глуви и слепи пред овој историски чин а да не им се даде граѓанска можност да се изјаснат за својата судбина и судбината на генерациите кои што доаѓаат во нашата Македонска држава. Како позитивен пример на референдумско изјаснување и на цивилизиран однос кон ваквата референдумска процедура би го спомнал примерот на граѓаните од Канада кои што пред неколку години имаа референдумско изјаснување во врска со статусот на Квебег. Резултатот е посзнат, 51:4е т.е. 2% негативен во однос на останувањето на Квебек во рамките на Канада. Сите граѓани на Канада го прифатија како вистинит и објективен и немаше никакви конфликти после изјаснувањето и немаше посегање по оружје од тие кои што не успеаа по пат на референдум. Значи има еден цивилизарн однос кон демократското право референдум и кон волјата на граѓаните, а не по пат на сила, оружје и притисок да се наметнува туѓо влијание, а да не се праша за волјата на граѓаните бидејќи истото е од суштинско значење за самите нив. Таму, во Канада не се промени постојниот Устав и сега граѓаните во Канада живеат во ист демократски амбиент како и пред изјаснувањето на референдумот.

Уште еднаш во име на народот и граѓаните на РМ сакам да потенцирам дека со овозможувањето на референдумска можност за изјаснување на граѓаните да се даде прилог во праксата, да се развие во праксата во РМ, а пред се да се почитува Уставот, слбодното изјаснување и нив-ната политичка мисла бидејќи сме ние избрани од нив и нивни претстав-ници сме во овој највисок законодавен дом. Кај на власта некако е научена сите проблеми во државата да ги решава без да го консултира народот. Така беше и пред неколку години кога без никакви консултации со граѓаните на РМ најпрво беше сменето знамето, а веднаш потоа ни беше наметнато неуставното име БЈРМ. Мислам дека повеќе

не смеат да се случуваат такви работи без дозвола на електоратот.

На крајот сакам да кажам дека јас ќе ја поддржам и ќе гласам за иницијативата за донесување на одлука за распишување на референдум во РМ.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Да ве известам каков ќе биде распоредот за работа утре.

Од 11,00 до 14,30 часот седница, час и половина пауза за ручек и во 14,00 часот ќе продолжиме и ќе работиме до 19,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,20 часот).